Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 22, став (1), алинеја 1 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 , 120/2018110/19 , 267/20 , 151/2021 , 288/2021и 111/23),член 212 став 3 од Законот за Социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/2019,146/19,275/19,302/20,311/20,163/21,294/21,99/22,236/2 2и 65/23 ) , по добиена Согласност од Министерство за финансии **бр. 19-10313/2 од 03.12.2024 година**, ВД Директорот на ЈУ Специјален завод Демир Капија , распишува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

**за** вработување на **1 (едно ) лице** во ЈУ Специјален завод Демир Капија
на **неопределено време**

ЈУ Специјален Завод Демир Капија објавува оглас за вработување за **1 (едно) лице** во ЈУ Специјален завод Демир Капија на **неопределено време** на следата позиција:
**1.НЕГОВАТЕЛ помошно стручен од трето ниво шифра на работното место СОЗ0303Б03002,** во Одделот за организирано живеење со подршка во станбени единици, Служба за живеење на корисници со подршка во заедница**та 1 (едно ) лице**

Општи услови

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.
- Посебни услови
- ниво Б3 најмалку ниво на квалификации IV , 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование
- Распоред на работно време:
- работни часови во неделата: 40,
- работно време во три смени : прва смена од 6,30 до 14,30; втора смена од 12,20 до 19,20 ; трета смена од 18,30 до 06,30 ;
- **Паричниот износ на основната нето плата 24.379,00 денари.**

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање. Кандидатите со пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заврена кај нотар, и тоа:

- Доказ за државјанство;
- Доказ дека не им е изречена забрана на вршење професија, дејност или должност;
- Уверение / диплома за завршен степен на образование;
- Лекарско уверение
- Кратка биографија;

Со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на **неопределено време со денот на склучувањето на договорот**

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува **3 работни дена** сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на огласот (не сметајќи го денот на самото објавување). Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.
Рокот за избор 30 дена.Бараните документи се доставуваат во затворен коверт со напомена: "Да не се отвора" на следнава адреса:
ЈУ Специјален Завод Демир Капија ул„Наум Наумовски „бр 4 –Демир Капија
Архива на Установата
(со назнака "за оглас")
Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде разгледана.

ЈУ Специјален Завод Демир Капија
**ВД Директор**
**Валентина Крстевска**